# КАРПОШ
# неделен Е - БИЛТЕН







**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

8 - 14 април 2019 Билтен бр. 316

# ХУМАНИТАРНО ВОЗНО ДЕФИЛЕ – DFCCA

Еден од уникатните и многу атрактивни хуманитарни дружби на нашите простори очекуваме да се случи на 14-ти Април оваа година.

На овој датум, хуманите возачи ќе го испочитуваат симпатичниот dress code и со своите несекојдневни возила од категориите на Cabrio Coupe GT и Classic, ќе се појават да ги поддржат кампањите кои се борат против ракот на дебелото црево и малигнитетот кај децата.

Традиционалната појава на оваа хумана авто колона, ќе се случува по трет пат на нашите простори.

Оваа година, Општина Карпош е партнер на овој настан и ги повикува сите заинтересирани граѓани да се приклучат кон истиот.

Ова е и пролетна традиција во стотина светски градови преку кои се работи на зголемување на свеста кај обичниот граѓанин за превентивни прегледи.

Ова атрактивно возно дефиле почнува од ПСС Зајчев Рид-Скопје во 11 часот наутро и завршува со хумано и забавно дружење во ГП картинг центарот кое почнува од 12 и 30 часот попладне, со пристигањето на уредната колона возила.

На забавата ќе се појават поддржувачите на овие кампањи и секој во свој стил ќе ја изрази поддршката на волонтерите кои несебично го донираат своето време во една ваква убава кауза.

Оваа година, се очекува што повеќе градови да бидат дел од оваа приказна, како што минатата година само во Македонија 13 градови се накитија со титулата ,, Хумани Градови со хумани возачи''.

drive for colon cancer awareness

**We support all campaigns for fight against colon cancer and malignancy in children**

**Почитувани,**

**Со големо задоволство ве покануваме на следното хуманиртарно возно дефиле DFCCA кое ќе се одржи на 14.04.2019 во Скопје**

**Возно дефиле:**

**Прием на возила: 10:00 - 10:30ч**

**Старт на возното дефиле: 11:00ч - ПСС Зајчев рид**

**Хуманитарната забава: 12:30ч - ГП кафе (ВИП Арена)**

**Cabrio & Coupe & GT & Classic automobiles**

**Dress Code: Semi Formal**

**www.dfcca.com**

# ОСНОВЦИТЕ ОД „КОМЕНСКИ“ НА КОШАРКАРСКИОТ ТРОН

Учениците од ООУ „ Јан Амос Коменски“ се новите кошаркарски шампиони во училишните спортски лиги во Општина Карпош. Во финалето, пред голем број публика во малата сала во С.Ц „ Борис Трајковски“ тие ги совладаа своите врсници од ООУ „ Владо Тасевски“ со резултат 37-25. Третото место им припадна на кошаркарите од Петар Поп Арсов. Пехарите и медалите на победничките екипи им ги додели претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев, честитајќи им го постигнатиот успех.

Најдобар стрелец на овогодинешните спортски лиги во кошарка е Мартин Оровчанец од „ Јан Амос Коменски“, додека најдобар играч е прогласен Никола Арсов од „ Владо Тасевски“. За најталентиран играч на првенството , признанието отиде кај Петар Костов од „ Петар Поп Арсов“.





# ДИНАМИКА НА АКТИВНОСТИ ЗА СПАС И ОБНОВА НА „ПАРТИЗАН“

Денеска се одржа редовна информативна средба во врска со Иницијативата за спас и обнова на спортската сала „Наум Наумовски Борче“ – Партизан. Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев информираше за идејниот проект кој локалната самоуправа го подготвува заедно со меѓународната невладина организација „Културно ехо“ и архитекти од странство, кои на волонтерска основа се приклучија кон иницијативата.

Примарната цел е Општината да биде подготвена за обнова на салата, штом истата биде вратена во сопственост на локалната самоуправа. На средбата присуствуваа и советниците на Премиерот Заев, Ѓорѓи Тасев и Даниел Димески, директорот на Агенцијата за млади и спорт, Дарко Каевски и директорот на ЈП за стопанисување со спортски објекти, Шпенд Хајредини.

Градоначалникот Богоев посочи дека Општината ќе преземе активности и за проценка на статиката на спортскиот објект „Партизан“. Исто така, постои отворена можност, ревитализацијата на салата да биде финансиски поддржана и од Агенцијата за млади и спорт.

Во Иницијативата за спас и обнова на „Партизан“ учествуваат повеќе засегнати институции, граѓанскиот сектор и стручната јавност (архитекти).



# БЕСПЛАТНА КРВНА АНАЛИЗА ЗА 100 СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ГРАЃАНИ И ИЗНЕМОШТЕНИ ЛИЦА

Општина Карпош се приклучи кон хуманитарната акција на Лајонс клубот – Карпош, за бесплатна крвна анализа – крвна слика за вкупно 100 социјално загрозени граѓани и повозрасни, изнемоштени лица. Во просториите на урбаната заедница во Карпош 1, утринава, крвна анализа направија десетици наши сограѓани, а истата ја спроведе специјализиран медицински тим од лабораторијата „Авицена".

На денешната акција присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, кој со гувернерката на „Лајонс" Дистрикт 132 Македонија, Соња Бојаџиева размени повеќе предлози за идна соработка меѓу локалната самоуправа и „Лајонс" клубот. Оваа хумана акција има за цел да обезбеди здравствена заштита и превенција на социјално ранливите категории на граѓани





# КАРПОШ ЌЕ ДОБИЕ ТРИ НОВИ СКВЕРА

Со усвојување на одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје за изработка на проектна документација, реализација и одржување на јавни површини, локалната самоуправа ќе добие три нови сквера на нејзината територија. Како што нагласи и градоначалникот Стефан Богоев, станува збор за комплетно урбано, хортикултурно и реквизитно уредување на новите скверови, со патеки и корпи за отпадоци. Локациите дополнително ќе бидат утврдени.

Во соработка со Јавното претпријатие „Паркови и зеленило", три локации во Општина Карпош дополнително ќе се раззеленат и облагородат. Булеварот „8. Септември", од двете страни на улицата, на аголот помеѓу ул. Љубљанска и ул. „Волгоградска" во урбаната заедница Карпош 4, како и просторот околу Драмски театар, во Карпош 2, ќе бидат хортикултурно уредени.

На денешната седница на Советот на Општина Карпош, советниците ја изгласаа Одлуката за утврдување на реонизација на основните училишта кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа. Исто така се утврди реонизација на јавните установи - општински детски градинки во Карпош.

Членовите на Советот дадоа согласност за формирање на комисија за прием на деца над капацитетот и утврдување на критериумите за прием на деца во четирите детски градинки во Општина Карпош: „Пролет", „Мајски Цвет", „ Распеана Младост ", и „Орце Николов".



# ОДБОЈКАРКИТЕ ОД „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" ГОДИНАШНИ ШАМПИОНКИ

Со денешниот финален натпревар кој се одигра во малата сала во С.Ц „Борис Трајковски", финишираа и Училишните спортски лиги во одбојка на Општина Карпош. Во одлична спортска атмосфера пред преполните трибини, одбојкарките од ООУ„Војдан Чернодрински" ги победија своите врснички од ООУ „Владо Тасевски" со конечен резултат од 2:0 во сетови и со тоа се искачија на одбојкарскиот трон. Третото место им припадна на основките од ООУ „Петар Поп Арсов".

За најталентиран играч на овогодинашното првенство е прогласена Ангела Трајкова од „Војдан Чернодрински", додека пак, најкорисна одбојкарка е Милјана Мицковска од „Петар Поп Арсов". За најдобар играч оваа година, исто како и претходната, е прогласена Ива Чадиковска од „Владо Тасевски".

Медалите и пехарите на победничките екипи им ги додели раководителот на Одделението за култура и спорт Патрик Поповски.






# ГОЛЕМ ИНТЕРЕС ЗА ЕКО – АКЦИЈАТА НА КАРПОШ, ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ

Во сабота, 13.04.2019 година, од 10:00 часот, Општина Карпош организира голема еко – акција за чистење. Денеска, градоначалникот Стефан Богоев ги повика сите граѓани, здруженија, институции да се приклучат кон акцијата и информираше за собирните пунктови:

1. Кеј на Вардар (две собирни места):

• 10:00 часот, под х. „АлександарПалас", кај фитнес зоната;

• 10:00 часот, крај на бул. „Илинден" (патеката што води до мостот „Газела");

2. Министерство за економија (ул. „Јуриј Гагарин" бр.15);

3. Бул. „Партизански одреди" (четири собирни места):

• 10:00 часот, кај автобуска постојка и пекара „Мал Одмор" (спроти Симпо);

• 10:00 часот, пред Симпо;

• 10:00 часот, кај мостот „Обединети нации" (кај воените кули);

• 10:00 часот, спроти воените кули, кај трите бели кули.

4. Платото на Млечен, пред „Ли" кафе;

5. Т.Ц Лептокарија (на коцка, пред кафе бар „Ревија" );

6. Порта Влае (на плоштад „Делфина").

До овој момент се приклучија голем број институции, јавни претпријатија и општествено одговорни субјекти. Кон акцијата се приклучија: ЈП Паркови и зеленило, ЈП Комунална хигиена – Скопје, Министерството за животна средина и просторно планирање, Лајонс Дистрикт 132 Македонија, Е-марк Македонија, Енекод, Центар за социјални иновации БЛИНК 42 – 21, Acibadem Sistina, Лабораторија Avicena, групата DNK, Друштво за управување со отпад НУЛА ОТПАД, здружението Екоскоп, Црвен крст – Карпош, Зоолошка градина – Скопје, приватна детска градинка Колорес, Пакомак, Sunilens и Прокредит Банка.

Во изјавата за медиумите, градоначалникот Богоев се осврна и на опожарениот дел на Кејот на Вардар (во близина на Спортскиот центар „Борис Трајковски").

-Преземаме иницијатива за целосно чистење на овој дел, заедно со Градот Скопје и јавните претпријатија. Исто така, преку повик ќе ги повикаме сите општествено одговорни фирми, градежни компании, да се приклучат во чистењето на овие депонии кои со години претставуваат рак – рана на овој дел од нашиот град, рече Богоев.

# ЕКО – УЧИЛНИЦА ЗА ПОЧЕТОК НА НОВО ПОГЛАВЈЕ НА ООУ „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

Во ООУ „Лазо Трповски“, вчера се отвори првата еко - интерактивна училница. По повод празнување на 50 години од основањето на ова училиште, патрониот ден се одбележа на еден поинаков, креативен начин. Имено, учениците заедно со наставниот кадар и со поддршка од Општина Карпош, создадоа училница од еко – материјали. Во надворешниот простор кој се наоѓа во рамки на училиштето, основците ќе можат да другаруваат, но и да присуствуваат на училишна настава. Просторот е соодветно прилагоден и за организирање на различни тематски настани и работилници.

Кратка порака упати и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев кој им честиташе на учениците и наставниците за покажаната креативност, авангардност и енергија.

-Оваа еко – училница пулсира во духот на модерното, на новото време. Вие сте пример како може да се работи и надвор од наставната програма, продуктивно и корисно за целата заедница. Општината ќе продолжи со поддршка на овие проекти, рече Богоев.

На патрониот ден свој перформанс имаше и првата генерација на првачиња од ова училиште, кои се потсетија на нивната младост, детство и училишни денови. Меѓу присутните можеа да се забележат и повеќе јавни личности, како пејачот Дарио Панковски, актерката и пејачка Тања Кочовска, повеќе истакнати професори и спортисти. Дарио и Тања Кочовска се претставија со дел од нивните најпопуларни хитови, евергрини, со што дадоа посебна нота на целата атмосфера.

Во текот на денот се одржа и турнир во одбојка за девојчиња, каде учествуваа четири различни училишта, кои со фер плеј игра ни покажаа дека спортот традиционално се негува во ова училиште.



# БОГОЕВ НА ИНФО СРЕДБА СО ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД КОЗЛЕ

Продолжуваат инфо сесиите со пензионерите од Општина Карпош, во врска со проектот „Мој Карпош – Моја Картичка“. Денеска, градоначалникот Стефан Богоев се сретна со пензионерите од Козле, пред кои говореше за поволностите кои ги нуди картичката, со која се овозможуваат голем број на попусти и бенефиции низ локалите во Карпош.

- Имаме уникатен проект со кој воспоставивме соработка меѓу повеќе страни: локалната самоуправа, граѓаните и бизнис секторот. Со оваа картичка ќе се зголеми потрошувачката во локалите, во периодите од денот кога можеби имале помал промет, а во меѓувреме граѓаните ќе купуваат по пониски цени, рече Богоев.

На средбата се разговараше и за други актуелни прашања и проекти. Богоев ги информираше присутните за новите садници кои се засадуваат низ Општината, како и за утрешната еко – акција за чистење на Карпош, во која ќе учествува општинската администрација, фирмите, граѓанските организации и сите заинтерсирани карпошани.

Пензионерите прашуваа и за проектот за „хумани патроли“, со кој локалната самоуправа ќе овозможи нега и здравствена заштита за изнемоштените лица. Тие ја поздравија иницијативата која пред некој ден ја спроведоа Општина Карпош и Лајонс клубот Карпош, за бесплатна крвна анализа (крвна слика) за најранливите категории на граѓани.



# ОСНОВЦИТЕ ЈА ЗАПОЧНАА ГОЛЕМАТА ЕКО АКЦИЈА ЗА ЧИСТЕЊЕ НА КАРПОШ

Со чистење на училишните дворови, денеска, еден ден порано, основците ја најавија големата еко-акција , која што утре, ќе ја спроведе на својата територија Општина Карпош, со помош на неколку институции , заинтересирани граѓани и општествено одговорни фирми. Заедно со своите наставници, основците од сите десет училишта кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа, ги чистеа училишните дворови и засадија нови садници. Исто така, преку транспаренти напишани на хамер, тие упатија пораки за заштита на животната средина, и потребата од одржување на здрава животна околина.





# ЗАСАДЕНИ СЕ НОВИ ДРВЈА ВО КАРПОШ

Општина Карпош продолжува со разеленување и засадувањето на нови, веќе развиени дрвја на својата територија. Во таа насока беа засадени нови 50 дрвја во населбите Козле и Карпош 4. Исто така, во овој период беа засадени и 30 - те дрвца, кои неодамна „Пакомак" ги донираше на Карпош, за освоеното трето место за еко - општина.
Во непосредна близина на скалите во Жданец беа засадени 25 дрвца, додека пак, останатите пет дрвца беа засадени во населбата Тафталице 2.

Оваа пролет, на територија на Карпош ќе бидат засадени уште 237 дрвја, со што целосно ќе се заокружи акцијата за зголемување на меѓублоковското зеленило.





# ОДБЕЛЕЖАН Е МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА КОСМОНАУТИКАТА

Делегација на Општина Карпош, предводена од градоначалникот Стефан Богоев, претседателот на Совет, Андреј Манолев и членот на Советот, Филип Даскаловски, денеска положија свежо цвеќе пред спомен обележјето на Јуриј Гагарин, во Карпош, во знак на одбележување на Меѓународниот ден на космонаутиката.

На манифестацијата присуствуваа претставници на повеќе институции и амбасади, а учениците од ООУ „Димитар Миладинов“ читаа поезија посветена на Јуриј Гагарин.





# КАРПОШ ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И СПОРТОТ

Во „Кинотека на Северна Македонија", денеска, се организираше предавање на тема: „Едукативно превенирање на насилството во образовните институции и на спортските настани". Проф. Др. Иван Анастасовски пред присутните ученици-спортисти од основните училишта кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа говореше за потребата од поголема институционална соработка за превенирање на насилството во образовните институции, односно т.н меѓуврсничко насилство и спречување на насилството на спортските настани, помеѓу двете спротиставени навивачки групи. Овој настан е организиран од Одделението за култура и спорт при Општина Карпош, и има за цел да се подигне свеста кај учениците за превенција од насилство во училиштата, и искоренување на присутното вербално или физичко насилство на спортските трибини.



# СПРОВЕДЕНА Е ЕДНА ОД НАЈГОЛЕМИТЕ ЕКО – АКЦИИ ВО КАРПОШ

Општина Карпош успешно ја реализираше една од најголемите еко – акции на својата територија. Денеска, се чистеше на повеќе ударни локации, во различни населби. Градоначалникот, општинската администрација, советниците, повеќе јавни претпријатија, приватни фирми, еколошки друштва, граѓани се приклучија кон акцијата. Се чистеше околу платото на „Млечен", но и долж Кејот на Вардар, Т.Ц „Лептокарија", платото во Порта Влае, долж булеварот „Партизански одреди" и Козле.

Градоначалникот Стефан Богоев посочи дека денеска се мијат и поголем дел од сервисните улици низ Општината, како „Бледски договор", „Љубљанска" и „Париска".

-Оваа еко – акција за чистење на Општината започна вчера, кога најмладите ги уредуваа училишните дворови. Продолжуваме денеска, со еко – офанзива во која се приклучија повеќе од 20 општествено одговорни субјекти, општинската администрација, граѓаните, граѓанските организации. Тековно и секојдневно се грижиме за јавната хигиена, но целта на овие акции е да се подигне јавната свест кај сите чинители. Не ни треба повод и меѓународен ден за да се вклучиме во акција, секој носи одговорност, Карпош нека дише, рече Богоев.

Кон акцијата се приклучи и заменик министерот за животна средина и просторно планирање, Јани Макрадули, кој чистеше во урбаната заедница „Владо Тасевски" и напомена дека Министерството ќе продолжи да ги поддржува овие акции. Општина Карпош изминативе денови ја започна и пролетната акција за засадување на нови садници, а денеска хортикултурно се уредува и делот околу Порта Влае.

Ја користиме оваа прилика да се заблагодариме на сите граѓани и субјекти кои денеска ни се приклучија: ЈП Паркови и зеленило, ЈП Комунална хигиена – Скопје, Министерството за животна средина и просторно планирање, Лајонс Дистрикт 132 Македонија, Е-марк Македонија, Енекод, Центар за социјални иновации БЛИНК 42 – 21, Acibadem Sistina, Лабораторија Avicena, групата DNK, Друштво за управување со отпад НУЛА ОТПАД, здружението Екоскоп, Црвен крст – Карпош, Зоолошка градина – Скопје, приватна детска градинка Колорес, Пакомак, Sunilens, Црвен крст – Карпош, Здружение на граѓани – АКЦИЈАШИ и ПроКредит банка.






# ЈУБИЛЕЈ – 15 ГОДИНИ ФОЛКЛОРНО СТУДИО „ЕТНОС“

На големата сцена во Македонската опера и балет се одбележа јубилејот, 15 години фолклорно студио „ЕТНОС“. Станува збор за фолклорно студио кое активно работи и функционира на територија на Карпош, а во повеќе наврати учествувале на културни манифестации на локалната самоуправа. Токму минатата година, играорците од „ЕТНОС“ беа дел од етно вечерта на „Карпошово културно лето“.

Пред полната сала, вчеравечер се обрати и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, кој го честиташе јубилејот на „ЕТНОС“ и им посака уште многу успеси и подвизи во афирмација на македонскиот фолклор и култура.

-Јубилеите се добра причина да прославиме, но и да се потсетиме на сработеното. Да добиеме претстава во која насока се движиме, што треба да промениме, да додадеме или одземеме. Јас, на вас не би ви одземал ништо, а од срце ќе ви посакам уште многу вакви настани и јубилеи. Да сјаете на домашната, но и на меѓународната сцена. Играорците да зрачат со својата насмевка, а учителите да бидат горди на постигнатите успеси, рече Богоев.

Општина Карпош беше еден од покровителите на овој јубилеј, а во своето обраќање Богоев се осврна и на општествената одговорност која ја покажува ова студио. Воочливо е дека младите играорци, покрај својата примарна работа – фолклорот, активни се и учествуваат и во повеќе хуманитарни активности и настани. На овој начин даваат свој придонес и прават добро за заедницата и целиот колективитет.

Локалната самоуправа и во претстојниот период ќе ја унапредува соработката со „ЕТНОС“, но и со другите културни друштва, ансамбли кои имаат за цел да го збогатат културниот живот во нашата средина.

